# THE FIGHT AGAINST TERRORISM THROUGH THE PRISM OF THE UNITED NATIONS DOCUMENTS

**Aguš Demirovski**
Faculty of security – Skopje, University "St. Celement of Ohrid" in Bitola

**Abstract:** The main subject of this paper is the fight against terrorism through the prism of the United Nations documents. Given that terrorism is a regional problem, numerous international regional organizations have undertaken a series of activities to signify terrorism as a criminal offense for the suppression of which it is necessary to establish a uniform legal framework that would prevent the evasion of justice by going to another country whose national criminal legislation does not foresee punishment for certain conduct or narrowly defines it.
The threat of terrorism in global security has seen the United Nations, through its decades-long activity, seeks to build effective and preventive mechanisms that involve a criminal element based on respect for fundamental human rights and freedoms and the principle of the rule of law. The need for an effective criminal justice response to terrorism involves the adoption and implementation of a series of documents aimed at preventing terrorist acts.
Within the framework of this paper, the most important international documents adopted for the fight against terrorism by the League of Nations, as the forerunner of the United Nations, will be analyzed. Furthermore, international documents (mainly conventions) relating to the criminal-legal fight against terrorism will be analyzed in order for states to anticipate certain criminal offenses and sanctions in their national criminal justice legislation in order to create effective mechanisms for preventing and punishing criminal offenses terrorism. The purpose of these documents is to harmonize the criminal laws of the national states, and through the synchronized criminalization of terrorist behavior, the international cooperation of the state bodies competent for the prevention and suppression of terrorism will be facilitated.
It is important to point out that although terrorism is the most difficult form of criminality, the criminal justice response to terrorism must respect the achievements of the criminal justice dogma in accordance with the democratic values accepted at UN, EU and Council of Europe levels, as well as in all constitutional democracies of member states.
**Keywords:** terrorism, United Nations, documents, convention, crime

# БОРБАТА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ НИЗ ПРИЗМАТА НА ДОКУМЕНТИТЕ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

**Агуш Демировски**
Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола

**Резиме:** Главниот предмет на овој труд е борбата против тероризмот низ призмата на документите на Обединетите нации. Со оглед на тоа дека тероризмот е регионален проблем, бројните меѓународни регионални организации презедоа низа активности за означување на тероризмот како кривично дело за чие сузбивање неопходно е да се воспостави униформирана правна рамка што би оневозможила одбегнување на правдата со одење во друга земја, чие национално кривично законодавство или воопшто не предвидува казнување за одредено однесување или потесно го дефинира.
Заканата за тероризам по глобалната безбедност ја воочи Организацијата на обединетите нации преку повеќедецениска активност и настојува да изгради ефикасни и превентивни механизми што вклучуваат кривичноправен елемент, заснован на почитување на основните човекови права и слободи и принципот на владеење на правото. Потребата од ефикасна кривично-правна реакција на тероризмот подразбира усвојување и имплементација низа документи, што имаат за цел спречување на терористички акти.
Во рамките на трудот ќе бидат анализирани и најважните меѓународни документи донесени во однос на борбата против тероризмот од страна на Друштвото на народите, како претходник на Обединетите нации. Понатаму ќе бидат анализирани и меѓународните документи (главно конвенции) кои се однесуваат на кривично-правната борба против тероризмот со цел државите во своите национални кривичноправни

законодавства да предвидат одредени кривични дела и санкции, со цел создавање на ефикасни механизми за спречувањето и казнувањето на кривичните дела тероризам. Целта на овие документи е усогласување на кривичните законодавства на националните држави, при што низ синхронизирана криминализација на терористичкото однесување ќе се олесни меѓународната соработка на државните органи надлежни за спречување и сузбивање на тероризмот.
Значајно е да се истакне дека иако тероризмот е најтежок облик на криминалитет, кривично-правната реакција на тероризам мора да ги почитува достигнувањата на кривично-правната догматика согласно со демократските вредности прифатени на ниво на ОН, ЕУ и Советот на Европа како и во сите уставни демократии на земјите членки.
**Клучни зборови**: тероризам, Обединети нации, документи, конвенција, кривично дело

## 1. ВОВЕД

Современите демократски држави настојувајќи да обезбедат услови за опстанок на правната држава мора да се спротивстават на терористичките активности и на меѓународно ниво. Правните механизми на реагирање на тероризмот подразбираат донесување и имплементација на низа прописи со кои на систематски начин се реагира на терористичките активности. Еден од начините на заштита на општеството од овој облик на насилен криминалитет секако е и борбата против него преку функционирањето на меѓународните организации, што во општествената опасност од терористичките активности се олицетворени во општо опасни дејства со кои се предизвикува страв кај граѓаните, со постоење на специфични намери.

Иако со тероризмот се кршат човечките права на голем број поединци, тоа никако не смее да биде оправдување за неограничено ширење на кривично правната репресија и воведување на тоталитарни тенденции во државноправното кривично право што се заснова на почитување на основните кривичноправни начела на иманентни правни држави. Бидејќи заштитата на човечките права преку кривичното право се остварува преку ограничување на човечките права на другите, тоа не смее да биде неограничено, туку употребата на кривичното право мора да се дрижи во рамките на начелото на сразмерност и праведност и свест за ситуации каде што со други средства не може да се постигне адекватна заштита. Супсидијарност на кривичното право и почитување на начелото ultima ratio, мора да биде во рамките за пропишување на кривични дела за тероризам, без оглед што од другата страна масовно се кршат основните човекови права. Доколку кривичното право би било прво средство што би подразбирало неограничени овластувања на државите и преземање најригорозни мерки како што е затворање и казнување, во таквото општество не може да се зборува за човечки права на граѓани, ниту за постоење на демократски принципи.

Организацијата на обединетите нации е светска организација која често донесува документи преку кои ги дава рамките на борбата против овој феномен, најпрво преку кривично-правната реакција, но и преку криминалистичко-оперативните аспекти. Низ тие документи современите општества се повикуваат низ процесот на образование да направат достапни информации за основните човечки права, потреби за нивно остварување, услови за нивно еднакво користење од страна на сите општествени групи, градејќи на тој начин капацитети на поединците за толеранција, заедништво, одговорност. Преку мерките за економската политика, општеството влијае на подигање на животниот стандард на населението, намалување на сиромаштијата и невработеност, како фактори на незадоволство на одредени општествени групи што подоцна, раководени од чувството на дискриминација, потенцијално стануваат поблиски идеи за потребите за решавање на социјалните проблеми по пат на политичко насилство. Преку унапредување на културата и областа на информирање, општеството настојува да промовира вредности на современата демократска држава како што се принципите на еднаквост пред законот, принципот на недискриминација, принцип на толеранција, принцип на взаемно разбирање, принцип на мирно решавање на судири и сл. Облиците на општествена реакција на тероризам како облик на недозволено однесување се делат на превентивни и репресивни. Од превентивните мерки, освен споменатите, државите на располагање имаат и бројни организациски мерки и мерки за технопревенција. Тие имаат за цел да го унапредат системот со мерки за одвраќање на терористичките активности во фаза на нивна подготовка, намалувајќи го на тој начин процентот на извршени терористички дела. Технопревентивните мерки подразбираат развој и имплементација на технички решенија што можат да влијаат на намалување на проблематичните ситуации. Овие мерки подразбираат употреба на технички достигнувања во процесот на менување на средината, со цел

намалување на можностите за извршување на одредени недозволени активности. Споменатите мерки на социјалната политика, сфатени во најширока смисла, организациски и технопревентивни мерки би требало да претставуваат систем на мерки на општествена реакција на тероризмот што би требало да за резултат имаат спречување, превенирање на тероризмот како општествено опасно однесување. Се работи за превентивни мерки што би требало да делуваат на причините за тероризам, намалувајќи ја основата за негово настанување и развој. Но, сè поголемиот број терористички акти, нивните разновидни форми на изведба и облици, бараат реакција на општеството.[328]

## 2. ТЕРОРИЗМОТ КАКО КРИВИЧНО ДЕЛО ВО НАЈВАЖНИТЕ МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ НА ДРУШТВОТО НА НАРОДИТЕ

Тероризмот како правен термин во меѓународно-правните кругови почнува да се употребува на конгресите на Меѓународното здружение за кривично право што преку неколку конференции настојувало да го дефинира тероризмот и да го одреди правниот поим главно набљудуван од аспект на меѓународно кривично дело.[329] На Третата меѓународна конференција во Брисел, во јуни 1930 година, даден е првиот поим за кривичото дело тероризам, чија што содржина опфаќа неколку конкретни однесувања што подразбираат предизвикување општа опасност за животот, здравјето и имотот на луѓето, намерно предизвикан пожар, експлозија, поплава, ширење заразни болести итн. Содржината на ова кривично дело е дополнета на следните конференции што настојувале да го изградат поимот кривично дело тероризам што имал свои специфични објективни и субјективни карактеристики. Овој процес е паралелно со процесот на дефинирање на кривичното дело тероризам во рамките на Друштвото на народите. Тероризмот се споменува во меѓународната агенда уште 1934 година, со атентатот на југословенскиот крал Александар Први и министерот за надворешни работи на Франција, А. Бартуа, кога Друштвото на народите го направило првиот голем чекор, насочен кон инкриминирање на ова злосторство, со разгледување на нацрт конвенцијата за спречување и казнување на тероризмот. Иако Конвенцијата на крајот е усвоена во 1937 година, никогаш не стапила на сила затоа што тероризмот не е прецизно одреден како и поради почетокот на Втората Светска војна, две години подоцна. За понатамошниот развој и дефинирање на тероризмот како кривично дело од значење се првите три членови на Конвенцијата, од кои првиот предвидува обврска за државите да се воздржуваат од помагање на терористички активности што се насочени против интересите на други држави како и обврска за спречување на тероризам што подразбира злосторнички чин што е насочен против некоја држава, а преземен со цел предизвикување терор кон одредени лица. Вториот член на Конвенцијата користи метод на набројување, при исполнување на општите услови кои го претставуваат кривичното дело тероризам. Се работи за:

- Умислени дела насочени против животот, телесниот интегритет, здравјето или слобода на шефовите на држави, личности што се наследници, сопружници на наведените лица, личности задолжени за извршување јавни функции или јавни служби, кога станува збор за дело што било извршено со умисла во смисла на функција или положба што овие личности ја вршат,
- Умислено уништување или оштетување на јавниот имот или имотот што има јавна употреба, е во сопственост или припаѓа на друга висока страна соговорници,
- Умислено дело што по природа доведува во опасност човечки животи со создавање општа опасност,
- Обид за извршување на кривични дела предвидени во наведените одредби од овој член,
- Производство, прибавување, држење и набавување оружје, муниција, експлозивни направи или штетни супстанци со цел извршување во било која земја некое кривично дело предвидено со овој член.

Во третиот член од Конвенцијата пропишани се обврските за државите потписнички во своите национални кривичн законодавства да предвидат какво казниво однесување може да се означи како тероризам, а кое однесување е обид, организација, договор, поттикнување или помагање. Иако Конвенцијата никогаш не стапила на сила, таа претставува значаен правен извор што настојува да го одреди тероризмот како кривично дело, во согласност со тогашните прилики, што ги карактеризира причински пристап за

[328] Симеуновић, Д. (2009) Тероризам, Београд, стр. 84
[329] Томашевски, К. (1983) Изазов тероризма – проблеми сузбијања тероризма у међународној заједници, Београд, стр. 98-125

одредување на кривичното дело, со истакнување на задолжителните субјективни обележја за кривично дело, што мора да се исполнат за да дејството се сфати како теористичко кривично дело.

Ваков начин на одредување на кривичното дело тероризам беше недоволно прецизиран, а проблем е и одредбата за забрана на производство на оружје, муниција и експлозиви затоа што беше нејасна нејзината насоченост – дали се работи за забрана на било кое или само противправно производство на оружје што претставува проблем за државите производители на оружје. Споменатата конвенција ја ратификувала само една држава така што никогаш не стапила на сила, а подоцна дојде и до распад на Друштвото на народите, па понатамошната работа во дефинирање на тероризмот продолжи под покровителство на ОН како универзална меѓународна организација.[330]

## 3. ТЕРОРИЗМОТ КАКО КРИВИЧНО ДЕЛО ВО НАЈВАЖНИТЕ МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

Создавањето на правни механизми за спречување и казнување на терористичките активности, со уважување на сите тешкотии што го карактеризираат дефинирањето на овој поим, овозможила ОН да определи тн. секторски пристап во идентификување на дела што можат да се означат како терористички, наспроти усвојување на една општа анитерористичка конвенција. Секторскиот пристап во дефинирањето на тероризмот не го одредува поимот тероризам, туку поедини терористички акции се одредуваат како казниви, одбегнувајќи на тој начин создавање на единствена дефиниција. Почнувајќи од 1963 година, во рамките на ОН е создадена правна рамка за спречување на терористички дела што подразбира десетина конвенции и протоколи што на парцијален начин врши криминализација на сите можни видови терористички активности.[331] Овие универзални правни инструменти се засновани на осуда на тероризмот, како закана за меѓународниот мир и безбедност. Потпишувањето на споменатите документи создава обврска за државите во своите национални кривичноправни законодавства да предвидат одредени кривични дела и санкции, со цел создавање на ефикасни механизми со кои државите стојат на располагање во спречувањето и казнувањето на кривичните дела тероризам. Целта на секторските конвенции за усогласување на кривичните законодавства на националните држави, кои низ синхронизирана криминализација на терористичкото однесување ќе овозможат избегнување на правдата од страна на сторителите на овие кривични дела и ќе ја олеснат меѓународната соработка на државните органи надлежни за спречување и сузбивање на тероризмот. Документи што се усвоени од страна на ООН во областа на тероризмот се:

**Конвенција за сузбивање на кривични дела и некои други акти насочени против безбедноста на воздушната пловидба (Convention on Offences and Certain Other Acts Committed on Board Aircraft)** е потпишана на 14 септември 1963 година во Токио, а стапила на сила на 4 декември 1969 година. Се однесува на кривични дела што влијаат на безбедноста на летовите. Има 26 членови. Таа го овластува пилотот да наметне разумни мерки, вклучувајќи и задржување кон било кое лице за кое тој има причина да поверува дека сторило или се подготвува да стори таков акт, кога тоа е неопходно поради заштита на безбедноста на воздухопловите и бара од државите потписнички да го приведат сторителот и да ја вратат контролата над авионот на законитиот командант.

**Конвенција за сузбивање на незаконито киднапирање на воздухоплови (**Conventon for Suppression of Unlawful Seizure of Aircraft) потпишана е 16 декември 1970 година во Хаг, а стапила на сила 14 октомври 1971 година. Има14 членови. Како кривично дело одредува противправно, со сила или закана застрашување, со цел заплена или остварување на контрола над воздухопловот или обид тоа да се стори.Бара од државите потписнички да предвидат строги казни за споменатите дела, да се придржуваат на правилата како и да даваат помош една на друга во врска со кривични постапки покренати врз основа на Конвенцијата.

**Конвенција за сузбивање на незаконити акти вперени против безбедноста на цивилното воздухопловство** (Convention for the Suppression of Unlawful Act Against the Safety od Civil Aviation) е потпишана на 23 септември, 1971 година во Монтреал, а стапила на сила 26 јануари 1973 година. Има 16 членови, како кривично дело предвидува било каков правен и намерен акт на насилство против лица во воздухопловот во лет, ако таков акт може да ја загрози безбедноста на воздухопловот, поставување

[330] Гаћиновић, Р. (2011) Тероризам у политичкој и правној теорији, Београд, стр. 27
[331] Schmid, A. P., Jongman, A. J. (2005) Political Terrorism, New York, стр. 58-60

експлозивна направа во авионот, обид овие дела да се сторат и соучество во делото на лица кои ќе сторат или се обидат да ги извршат споменатите дела. Бара од државите потписнички да предвидат строги казни за споменатите дела, да се придржуваат на правилата како и да даваат помош една на друга во врска со кривичните постапки покренати врз основа на Конвенцијата.

**Конвенција за спречување и казнување на злосторства против лица под меѓународна заштита, вклучувајќи дипломатски агенти** (Convention on the Prevention and Punishment of Crimes against Internationally Protected Persons, including Diplomatic Agents) е потпишана на 14 декември 1973 година во Њујорк, а стапила на сила 20 февруари 1977 година. Има 20 членови. Го дефинира поимот меѓународно заштитено лице како шеф на држава, министер за надворешни работи, претставници или функционери на држави или меѓународни организации кои имаат право на посебна заштита во странска држава како и членови на неговото семејство. Од државите потписнички бара да казнуваат со соодветни казни, што во предвид ја земаат тешката природа на делото.

**Меѓународна конвенција против земање заложници (International Convention Against the Taking Hostages)** е потпишана на 17 декември 1979 година во Њујорк, а стапила на сила 3 јуни 1983 година. Има 20 членови. Пропишува дека секое лице кое киднапира, задржи или се закани со убиство, повреди или продолжи да држи друго лице за да натерера трето лице, држава, меѓународна организација, физичко или правно лице нешто да стори или не стори, прави кривично дело земање заложник, во смисла на оваа Конвенција.

**Конвенција за физичка заштита на нуклеарниот материјал** (Convention on the Physical Protection of Nuclear Material) е потпишана на 26 октомври 1979 година во Виена, а стапила на сила 8 февруари 1987 година, има 23 членови. Криминализира противправно поседување, користење, пренос или крадење на нуклеарен материјал и закана дека ќе го користи за да предизвика смрт, тешки повреди или штета на имот во поголем обем.

**Амандмани на Конвенцијата за физичка заштита на нуклеарниот материјал** (Amendments to the Convention on the Physical Protection of Nuclear material) потпишани на 8 јули 2005 година во Виена. Ја откриваат обврската за државите потписнички да обезбедат заштита на нуклеарните објекти и материјали во мирновременски услови како и нивно складирање и транспорт. Предвидуваат проширена соработка меѓу државите во поглед на обезбедување брзи мерки за пронаоѓање и враќање на украдениот и шверцуван нуклеарен материјал.

**Протокол за сузбивање на незаконити акти на насилство на аеродроми што служат на меѓународното цивилно воздухопловство,** потпишан на 24 февруари 1988 година во Монтреал. Има девет членови. Ги проширува одредбите на Монтреалската конвенција во врска со опфаќањето на терористички акти на аеродромите што служат на меѓународното цивилно воздухопловство.

**Конвенција за сузбивање назаконити дејства, насочени против безбедноста на поморската пловидба** е потпишана на 10 март 1988 година, во Рим, а стапила на сила 1 март 1992 година. Има 22 членови. Се воспоставува правен режим применлив на дела против меѓународната поморска пловидба што е сличен на воспоставениот за меѓународното воздухопловство и како кривично дело предвидува противправно и намерно преземање контрола над брод со употреба на сила или закана за употреба на сила, вршење на акт на насилство против лица на број, ако тоа дејство може да ја загрози безбедносната пловидба на бродот, поставување на деструктивни уреди или супстанци на бродот и други акти насочени против безбедностна на поморската пловидба.

**Протокол кон Конвенцијата за сузбивање на незаконити дејства насочени против безбедносната поморска пловидба** е потпишан 14 октомври 2005 година во Лондон. Ја инкриминира употребата на бродот како средство за извршување на кривично дело тероризам, превоз на материјали подобни да предизвикаат смрт или тешки телесни повреди, превоз на лица што сториле кривично дело тероризам и предвидува процедура во врска со влегување на брод на лица за кои постои сомневање дека сториле кривично дело предвидено со одредбите од Конвенцијата.

**Протокол за сузбивање на незаконити дејства насочени против безбедноста на фиксни платформи што се наоѓаат во морското дно** (Protocol for Suppression of Unlawful Acts Against the Safety of Fixed Platforms Located on the Continental Shelf) потпишан на 10 март 1988 година во Рим, а стапи на сила на 1 март 1992 година. Има 10 членови. Обврска на државите потписнички е во националните кривични законодавства да се инкриминираат како недозволени активности со кои се загрозува безбедноста на

фиксните платформи или личности на нивната површина. Фиксната платформа се дефинира како вештачки остров, уред или механизам врзан за морското дно, со цел истражување или искористување на природните ресурси или за друга комерцијална употреба.

Протокол во врска со Протоколот за сузбивање на незаконски дејства вперени против безбедноста на фиксните платформи што се наоѓаат на морското дно, потпошан на 14 октомври, 2005 година во Лондон. Востановена е промена во Конвенцијата за сузбивање на незаконски дејства вперени против безбедноста на фиксните платформи што се наоѓаат на морското дно.

**Конвенција за обележување на пластични експлозиви заради откривање** потпишана во март 1991 година, во Монтреал, стапи насила 21 јуни 1998 година. Има 15 членови и Технички анекс што содржи два дела. Усвоена е со цел контрола и ограничување на употребата на необележани пластични експлозиви. Државите потписнички се должни на нивна територија да обезбедат ефикасна контрола над необележаните пластични експлозиви, како и транспорт на необележани експлозиви во рамките на својата и надвор од својата територија.

**Меѓународна конвенција за спречување на терористички напади со бомби** е потпишана на 15 декември 1997 во Њујорк, а стапила на сила 23 мај 2001 година. Има 24 членови. Го востановува режимот на универзална надлежност за противправна и умислана употреба на експлозиви и други убиствени средства, со намера некое лице да се убие или да му се нанесе тешка телесна повреда, или во намера да се предизвика убиство на некое лице или да му се нанесе тешка телесна повреда или во намера да се предизвика разорување на јавно место. Државите потписнички не можат да одбијат било каков облик на меѓународна кривично правна помош, вклучувајќи екстрадиција на основа на третирање на одредено однесување како политичко кривично дело. Конвенцијата се не однесува на активности на вооружените сили во текот на вооружен конфликт како ниту на активности на воените сили на било која земја спроведени во согласност со своите воени должности, додека се усогласени со одредбите на меѓународното хуманитарно право.

**Меѓународна конвенција за сузбивање на фунансирање на тероризам е** потпишана на 9 декември 1999 година во Њујорк, а стапила на сила 10 април 2002 година. Конвенцијата има 28 членови. Им поставува барање на државите потписнички да преземат чекори за спречување и спротивставување на финансирање на терористи, директно или индиректно, преку групи што тврдат дека имаат хуманитарни, социјални и културни цели или кои се ангажираат во нелегални активности како што се трговија со дрога и оружје. Ги обврзува државите членки да воспостават адекватна нормативна рамка во националните законодавства што би подразбирало одговорност на правни лица за финансирање тероризам. Конвенцијата предвидува идентификување, замрзнување и заплена на средства за терористички активности.

**Меѓународна конвенција за сузбивање на дејства од нуклеарен тероризам** е потпишана на 13 април 2005 година во Њујорк, а стапила на сила 7 јули 2007 година. Конвенцијата подразбира широк спектар на дејства и бројни можни цели, вклучувајќи и нуклеарни електрани и нуклеарни реактори. Потикнува соработка меѓу државите во спречување терористички напади по пат на размена на информации и меѓусебна кривично-правна помош. Се занимава со прашањата за кризен менаџмент што подрзбира правила, стандарди и процедури за решавање на кризни и пост-кризни ситуации. Сите овие концепции имаат заеднички основни карактеристики:

- Не даваат сеопфатна дефиниција на кривичното дело тероризам, со заокружена содржина, туку нивниот домет е ограничен на поединечни акти, што даваат само дел од содржината на тероризмот како кривично дело и тоа оној дел за кој конвенциите настанале,
- Го усвојуваат принципот aut dedere aut iudicere, што подразбира дискреционо право на државата во сферата на одлучувањето дали ќе преземе кривично гонење или ќе одговори на екстрадициското барање на друга држава,
- Однесувањата што со нив се опфатени може да се преземат и без потребна намера , што претставува субјективно обележје на битието кривично дело тероризам,
- Се ориентирани на спречување на кривични дела тероризам што се одликуваат со елементи на непознавање што подразбира сокривање на сторителот на кривичното дело во странство, пасивен субјект како и лице со странско државјанство или штетни последици од кривично дело што настапиле во странство.

Покрај горенаведените документи, ОН во рамките на Генералното собрание и Советот за безбедност усвоила низа резолуции што претставуваат политички став на членките на ОН за опасноста и потребата од

спречување и спротивставување на тероризмот како кривично дело. Според С. Мијалковиќ и М. Бајгиќ[332] резолуциите во одредена мерка се одраз на нивната волја и тежнеење дека таа свест и желба се конкретизираат и на планот на усвојување на потребните правни мерки со цел понатамошно спречување на ширењето и јакнењето на меѓународниот тероризам како и санкционирање на акти на тероризам во рамките на меѓународното право. Станува збор за следните документи: Резолуција 3034 од 18 декември 1972 година, Резолуција 31/102 од 15 декември 1976 година, Резолуција 32/147 од 16 декември 1977 година, Резолуција 34/145 од 17 декември 1979 година, Резолуција 36/109 од 10 декември 1981 година, Резолуција 38/130 од 19 декември 1983 година, Резолуција 40/61 од 9 декември 1985 година, Резолуција 40/73 од 11 декември 1986 година, Резолуција 46/51 од 9 декември 1994 година, Резолуција 48/411 од 9 декември 1993 година, Резолуција 50/53 од 11 декември 1995 година, Резолуција 49/60 од 9 декември 1994 година, Резолуција 51/210 од 16 декември 1997 година како и документи усвоени од страна на Советот за безбедност после терористичките напади во Њујорк на 11 септември 2001 година: Резолуција бр. 1373 од 28 септември 2001 година, Резолуција бр. 1540 од 2004 година, Резолуција бр. 1566 од 8 октомври 2004 година и Резолуција бр. 1624 од 2005 година.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Споменатите документи ја прават рамката за спротивставување и спречување на тероризмот во рамките на ОН кои не воспоставиле универзална дефиниција за тероризмот. Иако напорите вложени во создавање на правната рамка на наднационално ниво претставува придонес на правата во областа на сузбивање на тероризмот,тие имаат бројни недостатоци и недоследности што можат ефикасно да се отстранат само со усвојување на општоприфатената дефиниција за тероризмот како кривично дело што би резултирало со зголемен степен на ефикасност и операционализација на правните прописи на наднационално ниво.

Бидејќи кривичното право е ограничено со принципот ultima ratio, тоа не може самостојно да постигне висок степен на ефикасност во спречување и сузбивање на тероризмот, туку тоа мора да се прави во содејство со други облици на општествена реакција на тероризмот како што се социјалните политики, економските, криминалните политики, културата, информирањето и образованието. Претераните очекувања од кривичното право што се засноваат на утописки претпоставки за силниот ефект на широко поставените и строги инкриминации, можат да нанесат повеќе штета отколку да бидат корисни во справувањето со тероризмот како категорија на кривичното право.

Тежнеењето криминалитетот да се спречи по секоја цена, наметнуваат нова функција на кривичното право, безбедносна функција. Таа служи за остварување на превентивна парадигма што настанува како резултат на настојувањето на државите да спречат тероризам. Некои настојувања отстапуваат од некои начелни кривичноправни принципи, тие се дел од прилагодувањето на кривичното право на нови облици на тероризам. Она што треба да се прифати е рестриктивниот пристап на овие отстапувања, со јасно утврдени граници меѓу потребите за постигнување сигурност, од една страна и слободите и правата на поединецот, од друга страна, со постојан процес на испитување од нужност за ваков превентивен пристап, што излегува од рамките на традиционалното кривично право.

Иако сметаме дека легислативно – техничкиот пристап на моделирање на кривично-правната заштита кај тероризмот, не е таков да не може да му се упати критика, тој е далеку подобар од откажување на државата од правните механизми на заштита и одење во војна против тероризмот. Во однос на традиционалното кривично право, концептот на enemy criminal law претставува преодна категорија меѓу традиционално либерално ориентираниот кривичноправен одговор на тероризмот и вон-правните воени механизми на борба против тероризмот. Најсоодветно е да се остане на принципот на традиционалниот кривично правен одговор на тероризмот, иако ограничен има целосен легитимитет. Моделот на обликување на кривично правната заштита од тероризмот усвоен на европско ниво и прифатен од сите држави членки и кандидати за полноправно членство во ЕУ, би требало да послужи како модел за усвојување на една општоприфатена дефиниција на тероризмот како категорија на кривичното право на универзално ниво во рамките на ОН, што би бил услов за сфаќање на тероризмот како меѓународно кривично дело што би било во рамките на основната стварна надлежност на Меѓународниот кривичен суд.

---

[332] Мијалковић, С., Бајагић, М. (2012) Организовани криминал и тероризам, Београд, стр. 123-142

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Гаћиновић, Р. (2011) Тероризам у политичкој и правној теорији, Београд
[2] Гелке, А. (2009) Новата Ера на Тероризмот и Меѓународниот Политички Систем, Магор, Скопје
[3] Кеча, Р. (2012) ТЕРОРИЗАМ – глобална безбједносна пријетња - Европски дефендологија центар за научна, политичка, економска, социјална, безбједносна, социолошка и криминолошка истраживања, Бања Лука
[4] Котовчевски, М. (2003) Современ тероризам, Македонска цивилизација, Скопје
[5] Laqueur, W. (1998) The New Terrorism – Fanatism and the Arms of Mass Destruction, London
[6] Мијалковић, С., Бајагић, М. (2012) Организовани криминал и тероризам, Београд
[7] Симеуновић, Д. (2009) Тероризам, Београд
[8] Schmid, A. P., Jongman, A. J. (2005) Political Terrorism, New York
[9] Томашевски, К. (1983) Изазов тероризма – проблеми сузбијања тероризма у међународној заједници, Београд
[10] Hoffman, B. (2006) Inside Terrorism (Revised and Expanded Edition), New York: Columbia University Press